Уп. бр.08-124

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ХАЛИОС здружено претпријатие за капитални инвестиции и развој д.о.о (ХЕЛИОС сестављено подјетје за капиталске наложбе ин развој д.о.о), со седиште на Количево 2, 1230 Домжале, Словенија, доставено преку адвокат Златко Кујунџиски од Скопје, на седницата одржана на ден 29.12.2021 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1.Се утврдува дека концентрација со која ХАЛИОС здружено претпријатие за капитални инвестиции и развој д.о.о (ХЕЛИОС сестављено подјетје за капиталске наложбе ин развој д.о.о), со седиште на Количево 2, 1230 Домжале, Словенија има намера да стекне индиректна единствена контрола врз дел од Гудмарк Груп д.о.о. Шабац, со седиште на Хајдук Вељкова бб, Шабац, Србија и залиха од Гудмарк Гроуп ДООЕЛ Скопје, со седиште на Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 60, Скопје, Република Северна Македонија, по пат на купопродажба на средства, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 19.11.2021 година а дополнето на 10.12.2021 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на ХАЛИОС здружено претпријатие за капитални инвестиции и развој д.о.о (ХЕЛИОС сестављено подјетје за капиталске наложбе ин развој д.о.о), со седиште на Количево 2, 1230 Домжале, Словенија, со која ХЕЛИОС здружено претпријатие за капитални инвестиции и развој д.о.о има намера да стекне индиректна единствена контрола врз дел од Гудмарк Груп д.о.о. Шабац, со седиште на Хајдук Вељкова бб, Шабац, Србија и залиха од Гудмарк Гроуп ДООЕЛ Скопје со седиште на Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 60, Скопје, Република Северна Македонија. Со оваа коцентрација, ХЕЛИОС здружено претпријатие за капитални инвестиции и развој д.о.о се стекнува со:

- Основни средства вклучувајќи ги сите машини за нијансирање и готови стоки и залихи на суровини определени со Договорот за купопродажба на одредени средства на Гудмарк д.о.о. Шабац, склучен помеѓу Гудмарк д.о.о. Шабац и Хелиос Србија АД Горњи Милановац, Србија,
- база на податоци на клиенти и добавувачи на Zorka Color (вклучувајќи контакт податоци за клиенти и добавувачи) и права на интелектуална сопственост (т.е. список на состојки за сите готови производи од асортиманот на бои Zorka, рецепти за тонирање производи во боја Zorka според системот Avatint, рецепти за тонирање производи во боја Zorka според конкурентни тонски картички, стандарди, сертификати и потврди за квалитет за производите во боја Zorka) определени со Договор за пренос на база на податоци на клиенти и добавувачи и интелектуална сопственост, склучен помеѓу Хелиос Србија АД Горњи Милановац, Србија и Гудмарк д.о.о. Шабац,
- трговски марки поврзани со брендот Зорка Колор, определени со Рамковен договор за пренос на трговски марки склучен помеѓу Хелиос ТБЛУС и Гудмарк д.о.о. Шабац и
- Залихи поврзани со работењето на Гудмарк д.о.о. Шабац и тоа суровини, резервни делови, работа во тек, готови производи, стоки за тргување и други залихи на стоки определени со Договор за купопродажба на одредени средства на Гудмарк ДООЕЛ Скопје, склучен помеѓу Хелиос Македонија ДООЕЛ Скопје и Гудмарк ДООЕЛ Скопје. Овој договор вклучува пренос на контрола врз залихите поврзани со Гудмар ДООЕЛ Скопје, т.е. суровини, резервни делови, работа во тек, готови производи, стоки за тргување и други залихи.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото, го утврди следното:

Групацијата Хелиос е производител на премази во Југоисточна Европа со седиште во Словенија, поточно Домжале, близу Љубљана. Тоа е холдинг друштво кое е во целосна сопственост на Кансаи Хелиос Коутингс ГмбХ ("Kansai Helios"). Кансаи Хелиос Коутингс ГмбХ е контролирана од Кансаи Паинтс, која поседува 80% од акциите додека останатите 20% од акциите се поседувани од Митсуи & Ко., Лтд. 1-3, Маруноучи 1-Цхоме, Цхијода-ку, Токио 100-8631, Јапонија. Кансаи Хелиос Коутингс ГмбХ е присутна низ Западна, Централна и Источна Европа. Нејзини работни единици има во Австрија, Италија и Германија, каде се произведуваат стоки кои се главно наменети за продажба на потрошувачи од западноевропскиот пазар.

Групацијата Хелиос поседува производствени капацитети во Словенија, Хрватска, Србија, Украина и Русија, кои се фокусирани на опслужување на централноисточниот европски и регионот ЗНД. Главните компании кои се наоѓаат во овој регион се Хелиос ТБЛУС, Хелиос Србија и Хромос. Хелиос Србија е друштво во целосна сопственост на Групација Хелиос.

Групацијата Хелиос има едно зависно друштво во Република Северна Македонија и тоа Друштво за трговија ХЕЛИОС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Босна и Херцеговина, бр.55, Скопје – Бутел, Бутел и предмет на работење: трговија на големо со хемиски производи.

Гудмарк е основано во 1975 година под називот Зорка – Преработувачка хемија (Zorka – Prerađivačka hemija, „**Зорка**“). Во 2002 година, Зорка беше купена од финската група Тиккурила (Tikkurila), а до крајот на 2017 година, Тиккурила постигна договор со локалното раководство кое стекна 100% од основната главнина и единствена контрола

над Зорка. Компанијата оттогаш работи во Србија и во регионот под името Гудмарк д.о.о. Шабац, кој назив е во официјална употреба од 16 јануари 2018 година. Гудмарк д.о.о. Шабац и Гудмарк Груп ДООЕЛ Скопје се во сопственост на физичко лице Ѓока Јањушевиќ од Србија.

Целниот бизнис се состои од основни средства вклучувајќи ги сите машини за нијансирање и готови стоки и залихи на суровини, база на податоци на клиенти и добавувачи на Zorka Color (вклучувајќи контакт податоци за клиенти и добавувачи) и права на интелектуална сопственост (т.е. список на состојки за сите готови производи од асортиманот на бои Zorka, рецепти за тонирање производи во боја Zorka според системот Avatint, рецепти за тонирање производи во боја Zorka според конкурентни тонски картички, стандарди, сертификати и потврди за квалитет за производите во боја Zorka), трговски марки поврзани со брендот Зорка Колор, и залихи поврзани со работењето на Гудмарк д.о.о. Шабац и тоа суровини, резервни делови, работа во тек, готови производи, стоки за тргување и други залихи на стоки.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1 и 2 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 в) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законотза заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**